Г Р А Д     С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Совет
на Град Скопје

ПРЕТСТАВНИК:Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за
поддршка на Совет на Град Скопје

# Предлог-Одлука
# за разрешување на член на Управниот одбор на јавното претпријатие Комунална хигиена- Скопје

Скопје, јуни 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 17-ѓ став 2 алинеја 4 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Град Скопје на _________ седница, одржана на ____ 2025 година, донесе

**Одлука**
**за разрешување на член на Управниот одбор на**
**јавното претпријатие Комунална хигиена - Скопје**

**Член 1**

Од функцијата член на Управниот одбор на јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје се разрешува Јулијана Спировска.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-          /1
          јуни  2025 година
Скопје

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д   С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I  I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАВАЧ / KRYESUES

**Образложение**

Согласно член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.
Согласно член 17-ѓ став 2 алинеја 4, основачот на јавното претпријатие може да го разреши членот на управниот одбор на јавното претпријатие ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

На Јулијана Спировска и престанува мандатот член на Управниот одбор на  ЈП Комунална хигиена-Скопје, поради Пресуда К.бр.244/19, донесена од Основен суд Струмица.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за разрешување на член на Управниот одбор на  ЈП Комунална хигиена – Скопје.